16.01.2017г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Јане Димески, за текстот со наслов “Нелогичности кои покажуваат дека анкетата на “Телма” е фалсификат”, објавен на 06.12.2016, во 22 часот и 23 минути, во веб - изданието на телевизијата Нова (www.tvnova.mk)**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 13 и 16.

Член 1.

*“Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.”*

Член 13.

*“Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.”*

Член 16.

*“Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги”*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 12.12.2016 година, Јане Димески поднесе жалба за текстот со наслов "Нелогичности кои покажуваат дека анкетата на "Телма" е фалсификат", објавен на 06.12.2016, во 22 часот и 23 минути, во веб - изданието на телевизијата Нова (www.tvnova.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот известувањето е неточно и нефер, не е застапена втората страна и има пристрасност во информирањето.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со ТВ Нова и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од ТВ Нова доставија одговор на наводите на жалителот. Во одговорот ја отфрлаат жалбата во целост како паушална и неоснована. Се вели дека жалителот со наведување на основите на жалбата изнел клевети, без ниту еден конкретен аргумент со кој би ги поткрепил таквите тврдења. Од телевизијата наведоа дека прилогот за кој е поднесена жалбата се однесува на истражување на јавното мислење, кое било нарачано од ТВ Нова, па велат дека е неразбирливо што е неточно и нефер, а и која втора страна требало да биде застапена. „Последната теза од жалбата за пристрасност во информирањето е апсолутна небулоза која не заслужува никаков коментар", велат во одговорот од ТВ Нова.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 21.12.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст. Констатираше дека телевизијата НОВА во својот новинарски производ прави анализа на анкета нарачана од телевизија Телма.

Покрај другото, авторот на текстот на ТВ НОВА наведува и дека: **“Имено, доколку се соберат рејтинзите на партиите, како и процентите на неопределените гласачи, оние кои одбиваат да одговорат и се изјасниле дека нема да гласаат, тогаш не се доаѓа до 100 проценти, што јасно претставува дека анкетата е фингирана и тежок фалсификат“.**

Поради ваквото тврдење, членовите на Комисјата за жалби најдоа дека авторот на текстот **постапил БЕЗ потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија** и не и дал можност на засегнатата страна да го каже својот став. Конкретно за своите тврдења дека “анкетата е фингирана и тежок фалсификат” не побарал став од ТВ Телма, иако телевизијата е предмет на напад и критика.

Понатаму, авторот на текстот вели: **“Доколку се соберат сите овие проценти, се доаѓа до збирна бројка од 99,2 отсто, со што се открива аматерскиот обид на опозициската телевизија да манипулира со граѓаните на само неколку дена пред изборите”.**

Комисијата за жалби најде дека, со ваквото тврдење авторот своето мислење го прикажува како факт, иако тоа е спротивно на професионалните стандарди на новинарската професија.

Членовите на Комисјата за жалби, исто така, констатираа дека телевизијата Нова, со ваквиот текст не го чува угледот и достоинството на својата професија, не ја поттикнува заемната солидарност и го употребува својот медиум за пресметка со своите колеги.

***

Поради горенаведеното, Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов “Нелогичности кои покажуваат дека анкетата на “Телма” е фалсификат”, објавен на 06.12.2016, во 22 часот и 23 минути, во веб - изданието на телевизијата Нова, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот треба да обезбеди “втора страна”, односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Комисијата најде дека е прекршен член 13 од Кодексот, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Понатаму, Комисијата утврди дека е прекршен и член 16, според кој новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзува веб - изданието на телевизијата Нова (www.tvnova.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595